РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-492/3
22.05 2017 год.

Собранието на Комората на извршители на Република Македонија, на седница на Собрание одржана на ден 19.05.2017 година, во Маврово врз основа на член 77 став 1 точка а и точка б) од Законот за извршување ( Службен весник на РМ бр. 72/16 и бр. 142/16 ) в.в. член 36, член 37, член 38, член 39, член 40, член 41 и член 42 од Статутот на Комората на извршители на РМ го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК ЗА РАБОТА НА НАДЗОРЕН ОДБОР НА КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

член 1

Со овој правилник се уредува начинот на работа на Надзорниот одбор на Комората на извршители на РМ.

Прашањата кои се однесуваат на работата на Надзорниот одбор се регулирани со членови од Статуот на Комората на извршители на РМ

Прашањата кои не се регулирани ниту со Статутот, ниту со овој Правилник, можат да се уредат со одлука на Надзорниот одбор.

Правилникот за работа на Надзорниот одбор се донесува на седница на Собранието на Комората на извршители на РМ со мнозинство гласови од сите членови а по предлог на Управниот одбор на Комората.

член 2

Одредбите на овој Правилник за работа и одржување на седниците на Надзорниот одбор се применуваат за сите кои присуствуваат на седница на Надзорен одбор.

На седниците на Надзорен одбор може да присуствуваат, без право на глас, претставници на Управниот одбор, Претседателот на Комората, останатите членови на Комората како и други лица во својство на известители за поедини точки од дневниот ред.

член 3

Надзорниот одбор како орган на контрола во Комората на извршители на РМ ги остварува своите права и обврски утврдени во Статуот, Кодексот на професионална етика, одлуките на Собранието на Комората и Управниот одбор како и со овој Правилник на работа.

Во вршење на работите од својот делокруг, Надзорниот одбор има право:

-да го проверува материјалното и финансиското работење на Комората, како и начинот на користење на средствата на Комората;
-да ја прегледа целата документација на Комората на извршители;
- да ја провери нејзината веродостојност како и вистинитост на содржаните податоци;
- да побара извештаи и објаснување од Управниот одбор;
- да ја прегледа состојбата со имотот на Комората на извршители на РМ.

- да спроведе вонреден надзор над работата на Комората со цел следење на примената на одредбите на Статутот и другите општи акти на Комората, од страна на органите и комисиите на Комората врз основа на одлука на претседателот на Надзорниот одбор или по иницијатива на најмалку 5 членови на Собранието на Комората;
- да ги разгледа на седница материјалите од пописот на основните средства и целокупниот инвентар најдоцна во рок од 3 дена по завршување на пописот;
-да спроведе попис над основните средства на Комората во случај Управниот одбор да не го спроведе пописот и за истото Надзорниот одбор да го извести Собранието на редовната годишна седница.
-да дава предлози за висината и за начинот на наплата на членарина, наплата на средства, фондови на извршителите, начинот на трошење на средствата од членарина и начинот на употреба на средствата од парични казни како и да дава предлози за барање донации од надлежни институции и да го следи начинот нивно располагање од страна на Комората како и начинот на располагање на Комората со основните средства во сопственост на Комората.
-да презема и доставува до Управниот одбор иницијативи за набавка на основни средства на Комората како и иницијативи за отпис на основни средства на Комората согласно констатираното од спроведениот попис во Комората.
- да врши увид во изводите од трансакциските сметки на Комората при спроведување на надзор над финансиското работење на Комората.
- да врши и други работи што ќе му ги стави во надлежност Собранието на Комората.

Членовите на Надзорниот одбор се должни своите работи да ги извршуваат совесно, одговорно и во интерес на Комората на извршители на РМ.

Работите од својот делокруг, Надзорниот одбор ги врши по сопствена иницијатива или по иницијатива на останатите членови на Комората на извршители на РМ.

член 4

Претседател на Надзорниот одбор се избира со мнозинство на гласови од сите членови на Надзорниот одбор.

Во случај на негово отсуство го менува заменик претседателот на Надзорниот одбор избран со мнозинство гласови од сите членови на Надзорниот одбор.

Претседателот на Надзорниот одбор го претставува Надзорниот одбор и ги потпишува сите акти на Надзорниот одбор.

член 5

Претседателот на Надзорниот одбор ги свикува и претседава со седниците на Надзорниот одбор и ги врши сите други работи предвидени со овој Правилник за работа.

Покрај работите предвидени со член 4 став 3 од овој Правилник за работа, претседателот на Надзорниот одбор учествува и при извршување на следниве активности:
-утврдување на дневен ред и предлог одлуки;
- врши консултација со членовите на Надзорниот одбор во врска со припремата на дневниот ред и материјалите кои треба да бидат доставени;
-се грижи Надзорниот одбор да ги извршува сите работи од своите надлежности;

- го прати извршувањето и спроведувањето на одлуките од Надзорниот одбор;
- извршува и други работи неопходни за работењето и функционирањето на Надзорниот одбор.

член 6

Надзорниот одбор во случај на констатирани неправилности при спроведен надзор над примената на одредбите на Статутот и другите општи акти на Комората, од страна на органите и комисиите на Комората, може врз основа на член 30 став 4 од Статутот на Комората да поведе инцијатива за разрешување на Претседателот на КИРМ, односно иницијатива за разрешување на член на орган или член на комисија.

член 7

Управниот одбор е должен до Надзорниот одбор да доставува финансиски извештај за работата на Комората на секои три месеци.

Надзорниот одбор е должен да му укаже на Управниот одбор за утврдените недостатоци врз основа на финансискиот извештај и да даде препораки за нивно отстранување.

Управниот одбор е должен да ја достави предлог завршната сметка ( годишна пресметка) за претходната година до Надзорниот одбор најмалку 10 дена пред денот на одржувањето на седницата на редовното годишно Собрание на Комората.

член 8

Надзорниот одбор одлучува на редовни и вонредни седници.

Надзорниот одбор одржува најмалку четири редовни седници годишно.

Надзорниот одбор редовниот надзор над работата на Комората го спроведува најмалку еднаш годишно при што го проверува материјалното и финансиското работење на Комората од страна на органите и телата на Комората.

За денот на надзорот се известува Претседателот на Комората на извршители на РМ три дена пред датумот на надзор во Комората.

член 9

Покрај редовните седници, Надзорниот одбор може по потреба да одржува и вонредни седници.

Вонредните седници на Надзорниот одбор ги свикува претседателот на Надзорниот одбор, по потреба, како и на барање на два члена од членовите на Надзорниот одбор.

Претседателот на Надзорен одбор може да свика седница и по иницијатива на било кој член на Управниот одбор.

член 10

Писмено известување за одржување на седницата на Надзорниот одбор со Предлог-Дневниот ред се доставува до сите членови на Надзорниот одбор, по е-маил, преку Стручната служба на Комората, најдоцна пет дена пред датумот на одржување на седницата.

член 11

Во прилог на Дневниот ред, задолжително до членовите се доставуваат и:

- Работниот материјал врз основа на кои Надзорниот одбор треба да донесе одлука;
- Записникот и донесените одлуки од претходната седница на Надзорниот одбор.

член 12

Дневниот ред и материјалите освен до членовите на Надзорен одбор, а по потреба и до претседателот на Управниот одбор на Комората, се доставуваат и до лицата кои треба да реферираат за одредена точка од дневниот ред.

Членовите кои од оправдани причини нема да бидат во можност да присуствуваат на седницата, должни се писмено или усно да го информираат Претседателот на Надзорниот одбор односно неговиот заменик.

член 13

Предлог- Дневниот ред се усвојува на почетокот на седницата со мнозинство на вкупниот број на присутни членови на Надзорен одбор.

Дополнување на дневниот ред може да побара било кој член од Надзорниот одбор.

член 14

Претседателот на Надзорниот одбор ја отвара седницата и утврдува дали има кворум за работа.

При евидентирање на присуството на членовите, претседателот на Надзорен одбор, ги констатира причините за евенутално отсуство на членовите на Надзорниот одбор.

член 15

Записникот од претходната седнива на Надзорниот одбор се усвојува по правило како прва точка од предложениот дневен ред.

Забелешките на записникот од претходната седница на Надзорен одбор можат да се доставaт во писмена форма по е-маил до одржување на седницата или на самата седница, на кои се врши усвојување на записникот од претходната седница.

Записникот со доставените забелешки доколку за него гласале мнозинството од присутните членови се смета за усвоен.

Записникот се потпишува од присутните членови на Надзорен одбор и истиот заведува во писарницата и се чува во архивата на Комората.

член 16

Претседателот ја води седницата на Надзорниот одбор согласно точките од усвоениот дневен ред.

Известителите за поедини точки се должни во кратки црти да го образложат доставениот материјал или информацијa.

По излагање на известителот, претседателот на Надзорниот одбор отвара дискусија за точката од дневниот ред.

Забелешките по однос на материјалот или информацијата членовите на Надзорниот одбор можат да ги достават пред или во текот на седницата.

Доколку се работи за поголеми забелешки истите се доставуваат до сите членови на Надзорниот одбор од лицето кој го доставил предлогот во писмена форма по е-маил, по завршување на седницата.

Надзорниот одбор го одлага усвојувањето на таквиот материјал, односно предлогот се додека има забелешки од членовите.

член 17

Надзорниот одбор може да одлучува доколку има кворум за работа, односно најмалку половина од вкупниот број на членови.

Секој член на Надзорниот одбор има еден глас при одлучување на седницата на Надзорниот одбор.

Надзорниот одбор одлуките ги донесува со мнозинство од гласовите на сите членови.

Надзорниот одбор може итни одлуки да донесе и со електронско гласање по е-маил.

Доколку членот на Надзорниот одбор е спречен да присуствува, може да достави писмено изјаснување за предлог одлука која е доставена со материјалот.

Писменото известување на членот на Надзорниот одбор се доставува по е-маил до претседателот на Надзорниот одбор.

член 18

По завршеното гласање, Претседателот на Надзорниот одбор ги утврдува резултатите од гласањето.

Резултатот од гласањето се утврдува врз основа на бројот на дадените гласови за и против.

По завршеното утврдување на резултатите од гласањето , Претседателот на Надзорниот одбор го објавува текстот на донесената одлука.

член 19

Во итни случаи, кога одложувањето на донесување на одредена одлука би било спротивно на интересите на Комората, Надзорниот одбор може да донесе одлука и без свикување и одржување на седница со електронско гласање за предлог одлуката.

Во случај од претходниот став, Претседателот на Надзорниот одбор, по електронски пат ги известува членовите за неопходноста од итно донесување на одлуката без свикување и одржување на седница.

Одлуката е важечка, и без одржување на седница, доколку сите членови на Надзорниот одбор дадат писмена согласност за одлуката која се донесува.

Секој член на Надзорниот одбор својата писмена одлука во која е содржан начинот на кој гласа за одлуката, ја доставува до сите членови на Надзорниот одбор по електронска пошта.

Претседателот на Надзорниот одбор врз основа на примените одлуки од останатите членови, електронски ги известува сите членови за донесената одлуката .

Донесената одлука заедно со писмените одлуки од сите членови на Надзорниот одбор, Претседателот со известување ги доставува до Комората заради нивно заведување и чување.

член 20

Претседателот на Надзорниот одбор се грижи за редот додека трае седницата.

Претседателот на Надзорен одбор може да ја прекине седницата:

- Кога во текот на седницата се намалува бројот на членови и со тоа нема потребен кворум за работа;
- Кога поради должината на траење на седницата таа не може да се заврши во планираното време.

Прекината седница продолжува на датум кој го одредува претседателот на Надзорниот одбор.

По исцрпување на точките од дневниот ред, претседателот на Надзорниот одбор ја заклучува седницата.

член 21

На седниците на Надозрниот одбор се води записник од страна на вработен во стручната служба на Комората, со својство на записничар.

Записникот се усвојува на првата наредна седница на Надзорниот одбор.

Записникот се потпишува од:

- Претседателот на надзорен одбор;
- Присутните членови на надзорниот одбор;
- Записничарот

Записникот од седницата на Надзорниот одбор содржи податоци за :

- Времето и одржувањето на седницата;
- Членовите кои присуствувале на седницата;
- Отсутните членови;
- Дневниот ред на седницата со име на известителите;
- Краток запис од дискусијата за прашањата од дневниот ред;
- Резултати од гласањето;
- Име на лица кои гласале против;
- Текстот на донесените одлуки.

член 22

Записникот од седницата на Надзорниот одбор, како и одлуките се изработуваат најдоцна во рок од 5 дена од денот на одржувањето на седницата и истите се доставуваат до членовите на Управниот одбор и присустните членови по е-маил.

Одлуките на Надзорниот одбор стапуваат во сила со денот на нивното донесување.

член 23

Членовите на Надзорниот одбор не смеат да учествуваат во било какви активности кои можат да му наштетат на работењето, интересите и угледот на Комората како и во сите случаи во кој личниот интерес е во конфликт со овој Правилник, Статутот и другите акти на Комората.

При поднесување на одлуката каде постои конфликт на интерес, членот на Надзорниот одбор е должен на писмено да се произнесе и воздржи од гласањето.

член 24

Овој Правилник влегува во сила со ден на негово донесување а ќе се применува осмиот ден од денот на неговото објавување на веб страната на Комората.

**КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
Претседател,
Зоран Петрески

---------------------------------------------------